Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 363/0306
10.10 20 18 год.
Скопје

10.10.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 8 октомври 2018 година, врз основа на примена жалба од Здружение за едукација на земјоделци „Зелена берза“ против интернет порталот „Современо земјоделство“, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Комисијата за жалби не е во можност точно да утврди неовластено преземање новинарска содржина**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 10 септември 2018 година, интернет порталот „Зелена берза“ поднесе жалба за текстот со наслов „Од 50.000 до 80.000 евра за развој и поддршка на земјоделски задруги“, објавен на 6 септември 2018 година, на интернет порталот „Современо земјоделство“ (www.sovremenozemjodelstvo.mk).

Во жалбата се наведува дека интернет порталот „Современо земјоделство“ презел и пренел изјава објавена на интернет порталот „Зелена берза“, без притоа да го наведе изворот од каде што е преземена.

*„Зелена берза изјавата ја доби од претставникот на МРФП (Македонската развојна фондација за претпријатија), Лазар Недановски, пред самиот почеток на настанот и при тоа, освен од Зелена берза, немаше ниту еден претставник од друг медиум“*, појаснува подносителот на жалбата.

Од „Зелена берза“, меѓу другото, реагираат и дека авторот на текстот не само што дословно ја пренел изјавата, туку во исто време, ја присвоил како своја, наведувајќи дека изјавата била дадена за порталот „Современо земјоделство“.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Современо земјоделство“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Современо земјоделство“ одговорија на забелешките на жалителот.

Сметаат дека поднесената жалба е неоснована, зашто како што посочуваат, и нивни претставник, односно авторот на оспорениот текст, Билјана Петровиќ, била присутна на настанот, посветен на формирање земјоделски задруги во Битола.

*„Преку фотографии Ви праќам доказ, кој портал прв ја објави веста. Она што „Зелена Берза“ го направи – презеде дел од објавата, за намерно да ме нападне. Ако се вратите наназад на фан страниците и споредите, многу е јасно, кој од кого препишува постојано. Што се однесува до обвинувањето дека не сум била присутна на настанот, во прилог има фотографија од официјалната страна на „Задруги.мк“, јас сум во црвен фустан, ми се гледа грбот и главата“*, вели во одговорот на жалбата, новинарката Билјана Петровиќ, која воедно, приложи и принт скринови од двата текста објавени на „FACEBOOK“ страниците на двата медиума, со наведено време кога се постирани.

## СТАВ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби не најде доволно елементи за донесе морална осуда, од причина што немаше доволно расположливи аргументи за точно да утврди неовластено преземање содржина.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На седницата на 8 октомври 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Комисијата утврди дека се работи за изјава на претставник на Македонската развојна фондација за претпријатија, Лазар Недановски, чија содржина идентично е пренесена и од интернет порталот „Зелена берза“ и од порталот „Современо земјоделство“. И двата медиуми, изјавата ја цитираат дека е дадена за секој од нив, засебно:

„Задругите се сериозен предизвик на македонското општество, бидејќи кај нас доминантен е индивидуализмот. Секој сака да биде сам свој газда. Тоа создава проблеми не само на земјоделците туку и на самото општество бидејќи најголем дел од македонските земјоделци се со просечно мали површини и приноси така што единствениот начин да се борат во современиот процес на глобализација , каде големите ги диктираат правилата на игра на пазарите е малите да се здружуваат“, изјави за Зелена берза Лазар Недановски, претставник на Македонската развојна фондација за претпријатија.

„Задругите се сериозен предизвик на македонското општество, бидејќи кај нас доминантен е индивидуализмот. Секој сака да биде сам свој газда. Тоа создава проблеми не само на земјоделците туку и на самото општество бидејќи најголем дел од македонските земјоделци се со просечно мали површини и приноси така што единствениот начин да се борат во современиот процес на глобализација , каде големите ги диктираат правилата на игра на пазарите е малите да се здружуваат“, изјави Лазар Недановски, претставник на Македонската развојна фондација за претпријатија, за Современо Земјоделство.

Членовите на Комисијата, откако ги зедоа аргументите од двете страни, констатираа дека не можат со прецизност да утврдат дали навистина оспорената изјава била преземена и објавена од интернет порталот „Современо земјоделство“, без да се наведе изворот, во случајов, како што тврди жалителот, интернет порталот „Зелена берза“.

Ваквата одлука Комисијата ја базира на неколку факти:

- не може прецизно да се утврди времето кога „Зелена берза“, а кога „Современо земјоделство ја објавиле информацијата. И двата медиума на страницата немаат наведено прецизно време кога е поставена содржината;

- текстовите од „FACEBOOK“ страниците на двата интернет портали, испратени како доказен материјал кога точно се објавени текстовите не се мерлив доказ, бидејќи некој од медиумите може порано, а некој подоцна, да го постира текстот на својата социјална мрежа;

- во одговорот на жалбата порталот „Современо земјоделство“ тврди дека имал свој новинар на настанот, но во исто време не наведува дека истиот тој новинарот ја зел и изјавата, за која е посочен дека неовластено ја презел од друг медиум;

- жалителот „Зелена берза“, освен изјавата, која е идентично објавена и од „Современо земјоделство“, во крајниот дел од текстот, има објавено и втора изјава од истиот претставник на настанот, Лазар Недановски, која, пак, не е пренесена од „Современо земјоделство“.

Според горенаведеното, иако Комисијата се согласи дека има индиции дека во право е жалителот „Зелена берза“, сепак, не најде доволно елементи за да посочи морална одговорност кај порталот „Современо земјоделство“.

Во овој контекст, Комисијата ги повикува медиумите јасно и експлицитно да го наведуваат изворот при преземање содржини од друг медиум, како и да наведат линк во случај кога се објавува целосно преземена содржина.

Во исто време, Комисијата потсетува и на обврските кои произлегуваат од членот 12 од Кодексот на новинарите:

***„Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот“.***

Непочитувањето на авторските права се смета за грубо кршење на етичките правила. Доколку информацијата е преземена или парафразирана од друг медиум, авторско дело или истражување, изворот мора да биде наведен, во спротивно, станува збор за плагијатор, а не за новинар.

* * *

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595